20162

pres-kliping • press-clipping
1952 — 1972
NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1
Isečak iz lista
Newspaper cutting НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
26. III. 1972

# ПОДАРОКОТ ОД ПИКАСО НА СКОПЈЕ ПРОНАЈДЕН

**• ОВАА ВЕСТ ЈА ОБЈАВИ АМЕРИКАНСКАТА НОВИНСКА АГЕНЦИЈА АСОШИЕТЕД ПРЕС**

Белград, 25 март (по телекс)

Полицијата во Франкфурт издаде соопштение дека е пронајдено едно платно од Пикасо што овој уметник му го подари на Скопје по катастрофалниот земјотрес во 1963 година. Како што е познато оваа слика што носи наслов „Глава на жена" беше еден од најдрагоцените подароци на Музејот за современа уметност во Скопје.

Сликата „Глава на жена" од Пикасо беше пронајдена во средата на аеродромот во Франкфурт кај петмина луѓе за кои полицијата тврди дека и припаѓаат на една меѓународна група крадци на уметнички дела. Се додава дека тие се Германци и Југословени, но, нивните имиња не се објавени. Двајца се притворени, а тројца пуштени. Полицијата во Франкфурт изјавува дека по едно соопштение на Интерпол по кражбата на оваа слика минатата година, довело до откривање на споменатата група крадци. Оваа информација ја објавува американската новинска агенција Асошиетед прес.